ТЕХНОКОМЕРЦ
АД Скопје
www.tehnokomerc.com.mk

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ ЗА ОСТВАРЕНИТЕ РЕЗУЛТАТИ НА ТЕХНОКОМЕРЦ АД**
**За периодот Јануари – Декември 2023 година**

Технокомерц АД Скопје во периодот Јануари – Декември 2023 година оствари позитивен финансиски резултат искажан во неревидираниот Биланс на успех.

**Сметководствени политики и методи на вреднување**

Во 2023 година нема промени во сметководствените политики и методи на вреднување на позициите во финансиските извештаи на Технокомерц АД - Скопје.

**Вкупни приходи**

Остварените вкупни приходи од работењето во 2023 година изнесуваат 495,316 илјади денари и тие се за 6 % намалени во споредба со вкупните приходи остварени во истиот период од 2022 година. Приходите од продажба изнесуваат 480,070 илјади денари и бележат пад од 7 % во споредба со минатогодишните приходи од продажба кои достигнаа износ од 514,097 илјади денари.
Во структурата на вкупните приходи, 98,17% се приходи од продажба на производи и услуги, додека финансиските приходи учествуваат со 1,83%.

**Вкупни расходи**

Вкупните расходи достигнаа износ од 486,403 илјади денари и тие се за 9% намалени во споредба со расходите остварени во истиот период од 2022 година.
Оперативните расходи забележаа опаѓање од 9% во споредба со предходната година. Имено, во структурата на оперативните расходи најголемо учество имаат набавната вредност на трговските стоки и трошоците на вработените.
Набавната вредност го следи трендот на приходите од продажба, односно зафаќа околу 73 % од истите.
Финансиските расходи достигнаа износ од 8,142 илјади денари и бележат пораст од 52 % во споредба со предходната година.
Од вкупните расходи 98,33% се оперативни расходи додека финансиските расходи изнесуваат 1,67% од вкупните расходи.

**Обврски по кредити**

Вкупните обврски по кредити на 31.12.2023 година генерално останаа стабилни и достигна износ од 104,409 илјади денари при што забележаа намалување за 2% во споредба со вкупните обрски по кредити во 2022 година.

**Девиденда**

Во тековната година исплатена е девиденда во бруто износ од 951 илјади денари или 50 денари бруто по акција.
Друштвото изврши исплата на девиденда на 13.09.2023 година.
Поради позитивниот финасиски резултат и пред се поради одличната ликвидност друштвото донесе одлука за награда на посветеноста и одговорност на вработените за месец 12.2023 година и исплати бонус на сите вработена на износ од 20 илјади денари по вработен.

**Инвестиции**

Вкупните инвестиции за материјални и нематријални средства за 2023 година изнесуваат 2,359 илјади денари.

**Нето добивка**

Технокомерц АД Скопје деловната 2023 година ја заврши со бруто добивка од 8,615 илјади денари. Оперативната добивка достигна износ од 7,677 илјади денари, додека нето добивката по оданочување изнесува 2,158 илјади денари.

Технокомерц АД Скопје